Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр.16/11,136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), член 236 став 1 од Законот за енергетика (“Службен весник на Република Македонија” бр.96/18) и член 16 од Правилникот за цени на електрична енергија на тарифни потрошувачи (Службен весник на Република Македонија бр. 21/11, 168/11 и 135/12), постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и цена за регулирана дејност - производство на електрична енергија за 2018 година на АД ТЕЦ Неготино, УП1 бр. 08-38/18 од 15.05.2018 година, на седницата одржана на 29 јуни 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на регулиран максимален приход и цена за вршење на регулираната енергетска дејност производство на електрична енергија на АД ТЕЦ Неготино за 2018 година**

1. На АД ТЕЦ Неготино, се одобрува регулиран максимален приход (MAR) за 2018 година во износ од 186.771.175 денари, кога АД ТЕЦ Неготино е ангажирано од страна на АД ЕЛЕМ - Скопје како ладна резерва за обезбедување на моќност и системски услуги за безбедно и сигурно функционирање на електроенергетскиот систем.

2. Ангажирањето на АД ТЕЦ Неготино како производител на електрична енергија, моќност и системски услуги за безбедно и сигурно функционирање на електроенергетскиот систем за потребите на тарифните потрошувачи и малите потрошувачи од страна на АД ЕЛЕМ - Скопје, се уредува со меѓусебен регулиран договор.

3. Оваа Одлука е конечна во управната постапка.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 јули 2018 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

АД ТЕЦ Неготино, согласно Правилникот за цени на електрична енергија на тарифни потрошувачи (во натамошниот текст: Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе Барање за одобрување на регулиран максимален приход и цена за регулирана дејност производство на електрична енергија за 2018 година, УП1 бр. 08-38/18 од 15.05.2018 година (во натамошниот текст: Барање). Кон барањето ја достави и потребната документација согласно Правилникот.

Согласно преодните одредби од Законот за енергетика (“Службен весник на Република Македонија” бр.96/18), бидејќи Барањето е поднесено во период на важење на Законот за енергетика (“Службен весник на Република Македонија” бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и одлуката треба да биде донесена согласно овој

Закон. Исто така, согласно преодните одредби од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.96/18) подзаконските акти донесени во согласност со Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) ќе се применуваат до донесувањето на нови подзаконски акти.

Регулаторната комисија за енергетика, на 01.06.2018 година го објави известувањето во врска со барањето на АД ТЕЦ Неготино на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика и во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха".

По објавеното известување, во рокот утврден во Известувањето, до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-1252/1 од 27.06.2018 година свика подготвителна седница со предмет на разгледување "Предлог одлука за одобрување на регулиран максимален приход и цена за вршење на регулираната енергетска дејност производство на електрична енергија на АД ТЕЦ Неготино за 2018 година".

На 29.06.2018 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од АД ТЕЦ Неготино, претставници од АД ЕЛЕМ – Скопје, претставници од АД МЕПСО – Скопје, претставници од ЕВН Македонија АД Скопје, претставници од ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, претставници од Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ, д-р Кочо Анѓушев, претставници од Министерство за економија, претставници од Комисијата за заштита на конкуренција, претставници од Агенцијата за енергетика на Република Македонија, претставници од Стопанска комора на Македонија, претставници од Сојуз на стопански комори на Македонија, како и претставници од Советот за заштита на потрошувачите.

**Општи податоци за АД ТЕЦ НЕГОТИНО**

Термоелектроцентралата "Неготино" е сместена на подрачјето на с. Дуброво на осум километри од Неготино, во центарот на стопанскиот басен во РМ (Кавадарци, Велес и Штип). ТЕЦ НЕГОТИНО е приклучена кон електроенергетскиот систем на РМ во 1978 година, и се до јули 2005 година е во состав на ЕСМ. Со Одлука на Владата на РМ бр.19-2880/1 од 19.07.2005 година ТЕЦ НЕГОТИНО е издвоена во самостоен правен субјект како АД за производство на електрична енергија ТЕЦ НЕГОТИНО, во државна сопственост Неготино и е запишано во Трговскиот регистар во Основниот суд во Скопје 1 под Трег.бр.5021/05 од 09.09.2005 година.

Вкупниот инсталиран капацитет на АД ТЕЦ НЕГОТИНО изнесува 210 MW со можност за годишно производство на електрична енергија од 1.200.000.000 kWh до 1.400.000.000 kWh.

Минималната моќност на генераторот при работа со еден котел изнесува 70 MW додека при работа со два котли изнесува 160 MW. Како погонско гориво термоелектроцентралата НЕГОТИНО користи мазут со калорична вредност од 9.600 Kcal/кг или природен гас со калорична вредност од 3.400 Kcal/кг.

Котлите во првиот блок можат да се ложат со мазут или природен гас до полн капацитет или во различни пропорции. Во услови на ладна резерва, подготвеноста на постројките во ТЕЦ НЕГОТИНО за синхронизација со електроенергетскиот систем изнесува 4 дена, додека во услови на stand by режим подготвеноста на блокот за синхронизација изнесува 24 часа.

## **Податоци од Барањето**:

***Вредност на средствата за вршење на регулирана дејност (RAB)***

Според податоците од Барањето, вредноста на средствата за вршење на регулираната дејност производство на електрична енергија и приносот на средствата изнесува:

| Р.број | ОПИС | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| 1 | RAB start | 107.378.130 | 87.746.121 |
| 2 | Нови инвестиции | 298.800 | 0 |
| 3 | Амортизација | 21.116.038 | 21.572.234 |
| 4 | RAB out | 0 | 0 |
| 5 | RAB end | 86.262.092 | 66.173.887 |
| 6 | Просечен RAB | 64.247.084 | 54.659.178 |
| 7 | WACC | 0% | 0% |
| 8 | Принос на регулирани средства (RA) | 0 | 0 |

***Оперативни трошоци***

Според податоците од Барањето, оперативните трошоци се презентирани во следнава табела:

| Р.број | Опис | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 17.446.057 | 28.898.259 |
| 2 | Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување | 3.890.940 | 13.373.050 |
| 3 | Трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема | 3.796.177 | 3.915.829 |
| 4 | Трошоци за бруто плати | 113.534.594 | 123.059.419 |
| 5 | Трошоци за менаџерски плати и награди | 0 | 0 |
| 6 | Трошоци за други услуги | 1.036.441 | 913.729 |
| 7 | Останати и вонредни трошоци | 18.610.115 | 19.635.454 |
| **8** | **Вкупно оперативни трошоци** | **158.314.324** | **189.795.740** |
| 9 | Амортизација | 21.116.039 | 21.572.234 |
| **10** | **Вкупно оперативни трошоци** | **179.430.363** | **211.367.974** |

***Регулиран максимален приход и цена за 2018 година***

Според податоците од Барањето, ТЕЦ НЕГОТИНО за 2018 година бара да се одобри регулиран максимален приход во износ од 211.367.974 денари.

## Анализа на Регулаторна комисија за енергетика

Регулаторната комисија за енергетика отпочна постапка по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход за 2018 година за вршење на дејноста производство на електрична енергија односно ладна резерва за ТЕЦ НЕГОТИНО.

***Вредност на средствата за вршење на регулирана дејност (RAB)***

Регулаторната комисија за енергетика ги анализираше основните средства за 2017 година доставени во печатена и електронска форма. Регулаторната комисија за енергетика при утврдувањето на почетната вредност на основните средства во 2017 година ја вклучи вредноста на објектите, опремата, транспортните средства, канцелариската опрема и канцеларискиот мебел а не ја вклучи вредноста на земјиштето во вредноста на средствата за вршење на регулираната дејност.

Според пресметките просечната вредност на средствата за вршење на регулираната дејност (RAB), изнесува:

| Р.број | ОПИС | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| 1 | RAB start | 107.079.330 | 86.262.091 |
| 2 | Нови инвестиции | 298.800 | 0 |
| 3 | Капитални придонеси | 0 | 0 |
| 4 | Амортизација | 21.116.039 | 21.572.234 |
| 5 | Амортизација на капитални придонеси | 0 | 0 |
| 6 | RAB out | 0 | 0 |
| 7 | RAB end | 86.262.091 | 64.689.857 |
| 8 | Просечен RAB | 96.670.711 | 75.475.974 |
| 9 | WACC | 0% | 0% |
| 10 | Принос на регулирани средства (RA) | 0 | 0 |

***Оперативни трошоци***

Според извршената анализа, на ТЕЦ НЕГОТИНО му се одобруваат оперативни трошоци пресметани согласно Правилникот за цени на електрична енергија на тарифни потрошувачи:

| **Р.бр.** | **Опис** | **2017** | **2018** |
|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 17.446.057 | 17.794.978 |
| 2 | Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување | 5.279.010 | 5.393.059 |
| 3 | Трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема | 3.796.177 | 3.915.829 |
| 4 | Трошоци за бруто плати | 104.133.254 | 118.790.179 |
| 4.1 | Број на вработени | 184 | 204 |
| 4.2 | просечна исплатена бруто плата | 33.687 | 34.661 |
| 5 | Трошоци за менаџерски плати и награди | 0 | 0 |
| 6 | Трошоци за други услуги | 5.127.396 | 4.286.810 |
| 7 | Останати и вонредни трошоци | 13.578.189 | 15.018.086 |
| **8** | **Оперативни трошоци** | **149.393.955** | **165.233.806** |
| 9 | Амортизација | 21.116.039 | 21.572.234 |

***Регулиран максимален приход за 2018 година***

Врз основа на претходно наведеното, на ТЕЦ НЕГОТИНО за 2018 година му се одобрува регулиран максимален приход во износ од
186.771.175
денари.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во Службен весник на Република Македонија.

**УП1 бр. 08-38/18**
**29 јуни 2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**